Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневните настани 07.04.2023

На 06.04.2023 околу 18.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово го приведе 34-годишниот М.И. од тетовско Горно Раваше. Тој бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор од една година и четири месеци за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово во Скопје за издржување на казната.

На 06.04.2023 во 22.20 часот на ул.„Самоилова" во Скопје, полициски службеници од Секторот за меѓународна полициска соработка – Одделение за потраги го лишиле од слобода С.К.(27) од Скопје. Тој бил баран по потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од 10 месеци за сторено кривично дело по член 383 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Скопје за издржување на казната.

На 06.04.2023 на ул.„Спиро Џиле" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола -ОВР Прилеп го лишиле од слобода А.М.(33) од Прилеп. Тој бил затекнат при извршување на кривично дело „тешка кражба" во деловен објект, при што одзел повеќе предмети. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Битола до ОЈО Битола поднесе кривична пријава против правно лице со седиште во с.Кравари, битолско и против Д.А.(38) од Битола, управител во правното лице, поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело казиново по член 95-в став 2 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции. На 30.03.2023, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола, во содејство со Комисијата за оценување на исполнетост на условите по однос на простор, опрема за чување и складирање на медицински канабис при Министерството за здравство, по претходно издадена наредба од Основен суд Битола, извршиле претрес во правното лице во с.Кравари, при што биле констатирани низа неправилности во поглед на производство, одгледување и складирање на медицинскиот канабис. СВР Битола, исто така, поднесе кривична пријава и против А.Б.(51) од Република Албанија, со привременен престој во Битола, А.Ј.(26) од Битола и А.Ј.(58) од Битола, пропорциваниот сопственик, а другите двајца вработени во истата фабрика за производство на масло од канабис, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", казиново по член 215 од Кривичниот законик. На 30.03.2023 тројката организирале и изнеле две вреќи со 4 килограми марихуана од фабриката. Имено, А.Б. ја изнел дрогата, а А.Ј. и А.Ј. ја преземале и ставиле во таксиот возило, но набрзо биле запрени и приведени од полициски службеници. Во врска со случајот, судија на претходна постапка на А.Ј.(26) му одредил мерка притвор од 30 дена.

На 07.04.2023 во 01.25 часот на локалниот пат за охридското село Велестово, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода А.Д.(29) од Охрид и С.К.(26) од охридското село Велгошти. При контрола на патниот возило „фиат пунто" со охридски регистарски ознаки, во кое се превезуваше, кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.04.2023 во 22.40 часот кај месноста „Битолска крстосница", полициски службеници од ОВР Кичево ги привеле Б.Р.(22) од кичевското село Србица и А.А.(27) од селото Гарани. При преглед на патничко возило „фолксваген голф" со кичевски регистарски ознаки, во кое се превезуваше, била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 06.04.2023 во 22.15 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Д.А.(20), А.С.(20) и Р.Д.(20), сите од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.04.2023 во 12.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го лишиле од слобода А.Г.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.04.2023 во 17.45 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници го лишиле од слобода Ф.И.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.04.2023 околу 22.20 часот на улица „29 Ноември" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 18-годишниот тетовец А.А., затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.04.2023 во 01.45 часот на Меѓународниот аеродром Скопје, полициски службеници го лишиле од слобода Л.Б.(60) од Република Турција, затоа што при контрола и проверка било констатирано дека бил баран по меѓународна потерница од Интерпол-Белгија за сторено кривично дело недозволена трговија со дрога. Тој бил задржан во Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.
Во текот на вчерашниот ден (06.04.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционираше се 320 возачи. Од нив девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 100 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 220 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (06.04.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 140 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 39 санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за непропишто преспојување на возила. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, четири мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли...

На 06.04.2023 во периодот од 10.00 до 16.00 часот на територијата на СВР Штип спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкционирани се 113 возачи. Од нив, 29 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 84 надвор од населено место. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

Во текот на вчерашниот ден (06.04.2023) спроведена е засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, при што санкционирани се 33 возачи. Од нив, 19 возачи не користеле заштитна кацига за врме на возење, девет возеле без возачка дозвола, три мотоцикли се одземени поради истечена сообраќајна дозвола и предизвикување голема бучава... За време на контролата санкционирани се и 200 другви видови на сообраќајни прекршоци.

На 06.04.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 9 во населено место и 7 надвор од населеното место. Санкционирани биле и 22 другви видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 2 нерегистрирано возило, 1 за возач почетник, 1 за управување возило под дејство на алкохол, 5 за некористење сигурносен појас, 2 за некористење заштитен шлем и 7 за непропишо паркирање.

На 06.04.2023 во 09.00 часот во Полициската станица Аеродром, Н.Т.П.(44) од Скопје пријавила дека на ул.„Димитар Туриманџовски" нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.
На 06.04.2023 во 13.30 часот во Полициската станица Карпош, С.Ј.(56) од Република Србија, со живеалиште во Скопје, пријавил дека на ул.„Иван Цанкар" бил каснат од куче скитник.

На 06.04.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.К.(46) од Скопје пријавил дека на ул.„Мацаури" неговиот малолетен син бил каснат куче скитник.

На 06.04.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Т.Б.(64) од Скопје пријавил дека во с.Ново Село бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.М.(61) од Куманово и против правно лице од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволена наплата или исплата во ефективни странски пари" од Законот за девизно работење. Правоприбавителот, регистриран фирма-менувачница, по што спротивно на член 36 од Законот за девизно работење, вршел откуп и продажба на странски пари и чекови кои гласат во странска валута од странски и домашни лица без да поседува согласност и решение од Народна банка на РСМ.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Б.А.(36) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". Во текот на септември 2022 година, пријавениот ме се јавил на лице од делчевско село и лажно му се претставил дека продава жито и дека ке му биде донесено во Делчево по произиграна цена по килограм. Неколку дена подоцна, пријавениот повторно му се јавил на оштетениот и побарал на една бензинска пумпа во Делчево да однесе аванс од 26.000 денари, а откако тој постапил по договореното, Б.А. не му го доставил житото.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против К.Ц.(35) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На Граничен премин Табановце, при контрола од полициски службеници, пријавениот приложил фалсификувана чешка возачка дозвола.

На 06.04.2023 во 13.00 часот во СВР Тетово, 43-годишниот Е.М. од Скопје, сопственик на приватна фирма, пријавил дека бил измамен од Р.Ш.(60) од тетовски Порој и други лица. Според пријавеното, Р.Ш. со него потпишал договор за закуп на објект во тетовско, иако подоцна утврдил дека ги немало потребните документи за објектот и дека тој бил предмет на извршување, а Е.М. веќе ја внел целокупната опрема во објектот. Се расчистува и документирана случајот, по што ќе следуваат соодветна пријава.

На 06.04.2023 во 09.30 часот на подрачјето на Шуто Оризари, полициски службеници од Полициското одделение Шуто Оризари го лишиле од слобода С.Ш.(61) од Скопје, затоа што претходниот ден околу 15.00 часот физички ја нападнал неговата 57 - годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при МВР поднесе кривична пријава против З.Е.(35), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 05.03.2023 во КПУ Затвор Скопје, полициски службеници извршиле претрес во просторијата во која престојувал пријавениот, при што биле пронајдени и одземени кокаин и марихуана.

На 06.04.2023 во 16.45 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од ЕВР Ѓорче Петров привеле малолетник од Скопје, затоа што во домот физички ја нападнал неговата 64 - годишна баба, а потоа со остар предмет упатил закани кон неа и неговиот татко. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.04.2023 во 13.50 часот во СВР Скопје, Н.З.(59) од Скопје пријавил дека околу 02.30 часот на работното место како обезбедувач на влезот во зградата на МРТВ на бул.„Гоце Делчев", по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неговиот колега П.Л.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.04.2023 во 18.35 часот во Полициската станица Гази Баба, Х.Д.(38) од Скопје пријавила дека на ул.„Карл Хрон" била касната од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ф.М.(25) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 14.02.2023 во близина на угостителски објект во Тетово, пријавениот со метален предмет го нападнал Х.Ш.(49) од Тетово.

На 07.04.2023 во 02.50 часот во СВР Скопје, 30 - годишна скопјанка пријавила дека околу 02.30 часот во скопско село, по претходна расправија, била физички нападната од нејзиното моќне Л.Ш.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.04.2023 во 19.40 часот во СВР Скопје, В.А.(20) од Скопје пријавил дека околу 19.10 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 06.04.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Аеродром, В.А.(33) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Б.(35) од Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство". На 23.02.2023 на улица „Срекко Пужалка" во Куманово, по претходна расправија на Д.В. од село Умин Дол, кумановско, со таткото на пријавениот, тој со тврд предмет го оштетил возилото на Д.В., кој бил внатре, а на него му нанел повреди.

На 06.04.2023 во 10.05 часот во СВР Скопје, Д.Т.(59) од Скопје пријавил дека околу 09.05 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од С.С.(46) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.04.2023 во 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу О.С.(34) и С.С.(46), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 06.04.2023 во 20.00 часот во Полициската станица Гази Баба, И.Р.(46) од Штип пријавила дека во населбата Автокоманда била касната од куче скитник.

Денеска (07.04.2023) во СВР Скопје било пријавено дека околу 03.40 часот на ул.„Хо Ши Мин" во Скопје настанал пожар во куќа сопственост на И.С.(43). Пожарот бил изгаснат од полициски службеници од Полициската станица Чаир, сопственикот И.С. и од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 07.04.2023 во 07.30 часот во СВР Скопје, И.А.(42) од с.Брезда, скопско, пријавил дека на 06.04.2023 околу 19.30 часот во селото, едно лице со воздушна пушка го застрелало неговото куче – домашен миленик, кое подоцна починало. Се работи на расчистување на случајот.

На 06.04.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Аеродром, С.Н.(56) од Скопје пријавила на бул.„АСНОМ" била касната од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет